Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

# Извадок на дел од дневни настани 07.11.2021

На 06.11.2021 во 15.40 часот на подрачјето на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода Ј.Ц.(27) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно докумнетирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.11.2021 во 18.00 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје" полициски службеници го лишиле од слобода М.Е.(46) од Гостивар, затоа што при извршени проверки во службената евиденција констатирано е дека за него е превидена мерка „апси". Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Гостивар за понатамошна постапка.

На 06.11.2021 во 15.45 часот на Граничен премин „Табановце" од полициски службеници лишени се од слобода С.У.(50), С.Ш.(55) и М.Ј.(35), сите од Р.Србија, поради постоење основано сомнение дека поседуваат фалсификувани ПЦР тестови. Лицата се предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 06.11.2021 во 16.20 часот на подрачјето на Драчево полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишија од слобода Е.Д.(30) и В.А.(23), двајцата од Скопје, затоа што во нивна непосредна близина била пронајдена марихуана. По целосно докумнетирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.11.2021 во 15.40 часот на Граничен премин „Деве Баир" од полициски службеници е лишен од слобода Г.М.(63) од Р.Турција, поради основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа - зелена карта". Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 06.11.2021 во 14.10 часот полициски службеници на СВР Тетово ги привеле во полициска станица Е.М.(43) од гостиварска Долна Бањица и Б.И.(48) од Тетово, затоа што кај Е.М. биле пронајдени нож и метален боксирач, а двајцата немале документи за лична идентификација. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 06.11.2021 во 10.30 часот во Струмица на ул.„Стив Наумов" патничко возило „фиат пунто", со струмички регистарски ознаки, управувано од Б.А.(74) од Струмица удрило во пешакот А.Т.(67) од Струмица. Во несреќата А.Т. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Струмица.

Во текот на изминатото денонокие (06.11/07.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 11 прекршоци

Денеска (07.11.2021) полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Кисела Вода, по добиена судска наредба, извршија претреси во дом и други простории на неколку локации во Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". Претрес е извршен на ул.„Рилски Конгрес" во домот на С.Т.(67) и на ул.„Александар Бујунов", во две куќи сопственост на М.З.(63). При претресот е најден пиштол и разновидна опрема за копање на криптовалути (16 ригови со 99 графички картички, 1 мајнер), со кои се вршела кражба на електрична енергија, што било потврдено и од претставници на ЕВН. Во консултација со Јавен обвинител предметите ќе бидат одземени, а лицата се приведени и по документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Н.(48) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во текот на јануари 2021, Т.М. на пријавениот му дал 1.300 евра за да му обезбеди парцела на Попова Шапка. По извесен период проверил и констатирал дека пријавениот не ја завршил работата, по што му биле вратени 610 евра, а до денот на пријавување пријавениот не му го вратил остатокот пари, со што се стекнал со противправна имотна корист во износ од 690 евра.

На 06.11.2021 во 01.15 часот во Кавадраци од полициски службеници од Полициска станица Кавадарци е лишен од слобода В.Д.(30) од Кавадарци, затоа што кај него е пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (07.11.2021) од страна на полициски службеници од Одделението за недозволена трговијасо дрога и оружје при СВР Штип, Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани и ОВР Свети Николе лишени се од слобода А.Ј.(37), И.Н.(34) и И.Д.(36), поради постоење основано сомнение дека се сторители на кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", казниво по член 215 од Кривичниот законик. По претходно добиена наредба за претрес на дом и помошни простории, извршен е претрес во неколку објекти на подрачјето на ОВР Свети Николе, при што била пронајдена и одземена поголема количина на марихуана. По насока на Јавен обвинител против лицата ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.11.2021 во 13.05 часот полициски службеници на СВР Тетово ги привеле во полицска станица А.Н.(45) и Т.Ф.(42), и двајцата од Скопје. А.Н. бил приведен поради нарушување на јавниот ред и мир со викање и непристојно однесување, а Т.Ф. затоа што физички го нападнал фудбалскиот судија Ј.Б. по завршување на фудбалскиот натпревар од младинската суперлига помеѓу Шкендија и Вардар. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.11.2021 во 03.30 часот во Велес од полициски службеници од СВР Велес е лишен од слобода Е.Ќ.(38) од Велес, затоа што кај него е пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (07.11.2021) во 13.10 часот полициски службеници од СВР Тетово – Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Л.Ф.(59), бидејќи при претрес во неговиот дом во гостиварско Форино биле пронајдени 13 пакувања со прашкаста материја, четири кутии метадон и повеќе предмети со остатоци со прашкаста материја. Пронајдените предмети и прашкастата материја се одземени за вештачење, а лицето е приведено и задржано во полициска станица. По комплетно документирање на случајот против Л.Ф. ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 06.11.2021 во 04.20 часот на подрачјето на Карпош од полициски службеници од СВР Скопје е приведен В.И.И.(66) од Скопје, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеник кој вршел службени дејства. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.11.2021 во 22.10 часот во СВР Скопје, С.А.М.(57) од Скопје пријавила дека на ул. „Пушкинова" била касната од куче скитник.

На 07.11.2021 во 04.15 часот во Штип полициски службеници од СВР Штип го привеле М.Т.(36), а извршиле служБен разговор со М.П.(23), А.С.(31) и А.Л.(28), сите од Штип, постапувајќи по претходна пријава според која околу 03.45 часот, пред угостителски објект во Штип, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу М.Т., од една страна и М.П., А.С. и А.Л., од друга страна, при што биле употребени тврди предмети. По комплетно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.11.2021 во 01.25 часот во СВР Велес е пријавено дека во близина на угостителски објект во Велес, по претходна расправија, И.М.(18) од Велес бил физички нападнат од И.Т., П.С. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против малолетник од с.Двориште, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". Во декември 2020, тој на социјалната мрежа „Фејсбук" пронашол објава за продажба на пиротехнички средства, по што телефонски нарачал 604 парчиња, кои на 25.12.2020, при испораката на пратката, биле одземени.

На 06.11.2021 околу 12.30 часот во СВР Скопје А.П.(63) од Скопје пријавила дека пред трговски центар на подрачјето на Центар едно малолетно лице со употреба на сила ѝ одзело личен накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.11.2021 во 17.04 часот во СВР Штип од Итната медицинска помош Штип било пријавено дека во куќа во с.Козјак,Општина Карбинци, е пронајдена почината В.С.(66) со живеалиште во с.Козјак. Увид на лице место извршила екипа од СВР Штип, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 06.11.2021 во 14.30 часот во СВР Струмица Б.Ѓ.(65) од Струмица пријавил дека околу 13.15 часот во Струмица, по претходна расправија, бил физички нападнат од П.А. и В.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.11.2021 во 20,35 часот во СВР Струмица И.А.(40) од с.Василево, струмичко пријавил дека околу 16.30 часот во с.Градошорци, струмичко, неговиот 17-годишен син и уште едно лице биле физички нападнати од М.Н., С.Н. и А.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.11.2021 во 14.30 часот во СВР Скопје Е.Г.(24) од Скопје пријавила дека на ул. „Франклин Рузвелт" била касната од куче скитник.

На 06.11.2021 во 09.30 часот во СВР Велес Д.Д.(34) од Велес пријавила дека на 05.11.2021 околу 22.00 часот на игралиште кај место викано „Тунел" во Велес нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од Ј.Д. и В.М.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.11.2021 во 20.45 часот во СВР Куманово е пријавено дека во Куманово, А.К.(30) бил физички нападнат од С.М.(36) и Е.М.(33), сите од Куманово. Сочинети се записници за констатиран прекршок од ЗППЈРМ.

На 06.11.2021 во 03.35 часот во Полициска станица Тетово се приведени М.Г.(18) од с.Брвеница и Д.М.(20) од Тетово, постапувајќи по пријава од М.Г. според која бил физички нападнат од Д.М.. Двајцата се задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.11.2021 во 17.15 часот во СВР Скопје Д.К.(46) од Скопје пријавил дека на ул. „Разловечко востание" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 05.11.2021 во СВР Скопје Д.А. пријавил дека околу 21.30 часот во простории на правно лице на подрачјето на Центар биле испукани дијаболи од воздушна пушка, кои паднале во просторијата, при што биле оштетени стакла од прозорци. Увид извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против М.Д.(34) од с.Грешница, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 23.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што имал решение за изолација и лекување во домашни услови.

На 06.11.2021 во 04.50 часот во СВР Скопје З.П.(42) од Скопје пријавила дека четири лица со употреба на сила влегле во маркет на подрачјето на Аеродром и одзеле пари и производи. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.11.2021 во 00.40 часот во СВР Струмица Ѓ.Е.(54) од Радовиш пријавил дека на 06.11.2021 околу 23.30 часот, на паркинг во близина на угостителски објект во Радовиш, неговиот малолетен син бил физички нападнат од М.С. од Радовиш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.11.2021 во 15.00 часот во СВР Скопје е пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца самоволно се оддалечила М.С.(17) од Скопје, која и претходно во повеќе наврати се одалечувала и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 05.11.2021 во 19.20 часот во СВР Скопје малолетник од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од М.Б. и С.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.11.2021 во 22.00 и во 22.10 часот во СВР Скопје В.З.(42) и С.Н.А.(40), двете од Скопје, пријавиле дека околу 22.00 часот, во близина на трговски центар на подрачјето на Аеродром, нивните 17-годишни синови биле физички нападнат од Р.С.(33) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок од ЗППРЈМ.

На 06.11.2021 во 22.15 часот во СВР Скопје А.А.(32) од с.Средно Коњари, скопско, пријавил дека околу 22.00 часот пред продавница во с.Горно Коњари, поради меѓусебно недоразбирање, бил физички нападнат од А.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против М.М.(24) од с.Вирче, делчевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 30.10.2021 пред угостителски објект во Делчево, полициски службеници го забележале пријавениот и покрај тоа што му било издадено решение од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за домашна изолација.

На 07.11.2021 во 01.20 часот во СВР Скопје М.С.(41) од с.Марино, скопско, пријавил дека во 00.30 часот, пред угостителски објект во нас.Илинден, заедно со Д.А. и И.К. биле физички нападнати од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.11.2021 во 05.00 часот во СВР Скопје С.Ј.(25) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека околу 04.00 часот пред угостителски објект во с.Марино, скопско, бил физички нападнат со тврди предмети од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.11.2021 во 22.35 часот Т.М.(26) од тетовска Мала Речица пријавил дека во неговиот угостителски објект на ул.„Љуботенска" во Тетово бил физички нападнат од Л.С.(25) од М.Речица со уште четири лица. Се работи на расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет